# ПРЕДАВНИЦИ, ПЛАТЕНИЦИ И СЕНДВИЧ-ДЕМОНСТРАНТИ

Македонски центар за европско образование
Macedonian Centre for European Training



ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

# ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАВЕН ДИСКУС

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ПРЕДАВНИЦИ, ПЛАТЕНИЦИ И СЕНДВИЧ-ДЕМОНСТРАНТИ



ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

## ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАВЕН ДИСКУС

Скопје, 2013

ПРЕДАВНИЦИ, ПЛАТЕНИЦИ И
СЕНДВИЧ-ДЕМОНСТРАНТИ:

**ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАВЕН ДИСКУРС**

(ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА)

**Автор**: Димитар Николовски,
Македонски центар за европско образование

**Издавач:** Фондација Отворено општество - Македонија

**За издавачот:** Владимир Милчин

**Лектура:** Абакус

**Ликовно-графичко обликување:** Бригада дизајн

**Печат:** Скенпоинт

**Тираж:** 500 примероци

**Бесплатен/некомерцијален тираж**

**CIP** - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

**32.019.5:323.23/.27(497.7)**

НИКОЛОВСКИ, Димитар
**Предавници, платеници и сендвич-демонстранти:** граѓанскиот активизам во македонскиот јавен дискурс: (документи за јавна политика) / [автор Димитар Николовски]. - Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија, 2014. - 42, 42 стр. : илустр. ; 21 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Traitors hirelings and sandwich-protesters: civil activism in Macedonian public discourse: (policy paper). - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Библиографија; Bibliography: стр. 37, 37. - Белешки ; Notes: стр. 39-42, 39-42. -
Содржи и: Анекс 1

**ISBN 978-608-218-204-9**

I. Nikolovski, Dimitar види Николовски, Димитар
а) Јавна политика - Граѓански активизам - Пропаганда - Македонија
COBISS.MK-ID 96605962

**Напомена:**
Оваа студија е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА


1. **ВОВЕД** ... 3
   1.1. Граѓанскиот активизам во Македонија ... 3
   1.2. Методологија ... 4
2. **ТЕОРЕТСКА И АНАЛИТИЧКА РАМКА** ... 6
   2.1. Демократизација и европеизација ... 6
   2.2. Политичка култура ... 7
   2.3. Теориите за општествени движења ... 8
   2.4. Анализа на дискурсот ... 9
   2.5. Правна рамка ... 13
3. **АНАЛИЗА НА ДИСКУРСОТ ОКОЛУ ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ** ... 17
   3.1. Граѓаните на улица ... 17
   3.1.2. Не силувајте го Скопје! А скопјаните? ... 17
   2.2.2. СТОП за полициската бруталност! ... 18
   2.2.3. АМАН, доста е! ... 19
   3.2. Анализа на медиумите ... 19
   3.2.1. Збирштина од геј и активисти против црква на плоштадот ... 19
   3.2.2. Соросоидите во служба на Надеж ... 20
   3.2.3. Социјална правда или затскривање на транзицискискиот криминал? ... 23
   3.3. Активисти, партии и медиуми ... 24
4. **ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ... 28
   КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 32
   АНЕКС 1 ... 34
   БЕЛЕШКИ ... 35

# 1 ВОВЕД

## 1.1. Граѓанскиот активизам во Македонија

За демократијата во едно општество е многу поважно да има добро информирани и активни граѓани отколку исполнувањето на правото на глас, учеството во власта, или членувањето во политичките партии.

Дејствувањето како дел од граѓанските, т.е. невладините организации, или како дел од неформалните групи, може да биде алтернативен механизам за исполнување на потребите на одредени групи граѓани, или пак коректив на власта кога станува збор за сериозни прашања кои го засегаат јавното добро.

Република Македонија, и како земја со евро-атлантски амбиции, но и како поранешна југословенска и социјалистичка држава, доживеа повеќе предизвици во периодот на транзицијата и сè уште не е целосно излезена од неа. Што се однесува до граѓанскиот активизам, како круцијален дел од демократското живеење, во јавноста преовладува ставот на третирање на Македонецот во деминутив, т.е. како човек кој многу претрпел во минатото, но никогаш цврсто не се спротивставил. Така, гледајќи наназад во историјата може да се забележи дека активноста во бурната 1968 година била многу ниска, а почетоците на демократскиот граѓански активизам можат да се бараат дури во вевчанските настани од 1987 година.

Како мултиетничко општество со сериозни проблеми на планот на споделувањето на моќта и на планот на меѓуетничките односи, Македонија во текот на својата независност има видено многубројни случаи кога граѓаните се мобилизирале врз основа на етничката припадност. Можеби најмаркантен е случајот од 1997 година, кога студентите и средношколците протестираа пред Собранието на Република Македонија против тогашната одлука да има студии на албански јазик на Педагошкиот факултет во Скопје.

Многу се ретки настаните кога имало чисто граѓанска мобилизација, а зад тоа да не стои етничкиот или партискиот предзнак или организација, па во таа смисла може да се каже дека македонската демократија е недоволно созреана. Целта на ова истражување е токму тоа – да провери колку политичката култура, т.е. политичката ситуација во Македонија е созреана, т.е. европеизирана, за да може да прифати создавање и одржување на автентичен граѓански активизам, ослободен од рамките на етничкото и пар-

тиското дејствување. Оваа анализа ќе тврди дека политичките партии немаат создадено клима за развој и одржување на автентичен граѓански активизам и дека сè уште продолжуваат да го окупираат просторот наменет за граѓански активизам со инсталирање, инструментализирање и дискредитирање на граѓанските иницијативи и движења.

Истражувањето особено ќе се посвети на ситуацијата во последниве четири години и ќе разгледа три случаи на граѓански активизам (Прво архитектонското востание од 2009 година, случајот „Мартин Нешковски" од 2011 година и иницијативата АМАН од 2012-2013 година) преку кои ќе се прикаже дека преку користењето на дискурсот во јавниот простор и преку контрапротестите, владејачката партија го сузбива развојот на автентичниот граѓански активизам, продолжувајќи со развојот на едно патерналистичко и неинклузивно општество.

На почетокот, ќе се осврнеме на некои општи теоретско-аналитички рамки, посветени на демократизацијата и европеизацијата, општествените движења, политичката култура, анализата на дискурсот и правните норми. Понатаму, ќе продолжиме со обработка на дискурсот во јавното известување за овие настани. За целта на ова истражување, беа направени и повеќе интервјуа со учесници во настаните, со политичките партии и со медиумите, од кои исто така ќе извлечеме одредени заклучоци. Анализата ќе заврши со препораки до целните групи, во насока на надминување на моменталната ситуација.

## 1.2. Методологија

Во последниве неколку години, можеме да издвоиме повеќе случаи кога граѓаните во разни форми излегле на улица да протестираат против или да поддржуваат одредени политики, како на пример штрајкот на лекарите[1] (и контраштрајкот),[2] разните облици на протест против проектот „Скопје 2014" (Првото архитектонско востание,[3] Го сакам ГТЦ[4]), маршот „Заедно за мир",[5] настаните од скопското Кале. каде што две спротивставени групи ескалираа во насилството,[6] потоа многуте протести кои се однесуваа на меѓуетничките и меѓуверските односи (од кои многу завршија насилно),[7] протестите по убиството на Мартин Нешковски,[8] иницијативата АМАН,[9] протестите против предлог-законот за абортус,[10] најголемиот и најконтроверзен настан од 24 декември,[11] протестите пред Општина Центар,[12] скорешните протести за зачувување на зеленилото во Општина Центар, поточно паркот спроти хотел Бристол,[13] и зеленилото во Чаир.[14] Поради временската и просторната ограниченост, решивме да избереме три случаи, кои би биле најрепрезентативни за состојбата со уличниот граѓански активизам во Македонија во последниве пет години.

Поврзувајќи ги критериумите за избор со селекцијата од литературата во воведниот дел, случаите кои беа избрани требаше да ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Да претставуваат граѓанска иницијатива/протест насочен против одредени актуелни состојби, државни политики или одлуки на власта;
2. Активностите да се однесуваат на поширока тема, која засега поголема група граѓани, т.е. кои се однесуваат на јавното добро;
3. Да има некоја форма на контрапротест, т.е. мобилизација на граѓани против првобитните активности;
4. Известувањето и коментирањето во јавноста да содржи повеќе видувања и класификации на учесниците;
5. Активностите да не бидат отворено партиски, т.е. отворено иницирани и поддржани од политичките партии;
6. Активностите да не се однесуваат на етничките/религиозните состојби во Македонија, затоа што тоа е сосема друга и посебна тема на обработка.

Со внимателна селекција, т.е. со вкрстена анализа на гореспоменатите случаи, како случаи за обработка беа одбрани следниве епизоди на граѓански активизам:

1. Првото архитектонско востание, т.е. протестите против изградбата на црква[15] на плоштадот (март 2009 година);
2. Протестите против полициската бруталност, иницирани од убиството на Мартин Нешковски (летото 2011), и
3. Иницијативата АМАН против поскапувањата на струјата и енергенсите (2012-2013)

Овие три случаи ги исполнуваат сите шест критериуми поставени за целите на истражувањето. Сите беа граѓански иницијативи насочени против состојби или државни политики и се однесуваа на пошироки теми кои засегаат повеќе групи граѓани (против изградбатз на објект на плоштадот/заштита на јавните простори, контролата врз припадниците на Министерството за внатрешни работи и разоткривањето и одговорноста за убиството, како и цените на енергијата); кај сите имаше мобилизација на граѓани против нив (контрапротестот на плоштадот, протестот против партизацијата на протестите за Мартин Нешковски и Изгор приватизацијата); кај сите три имаше различни видувања, класификации и дисквалификации во различни медиуми, кои флуктуираа од поддршка до тотално напаѓање; зад ниту еден од овие протести не застана политичка партија, и сите протести беа надетнички и надрелигиозни.

Сите други настани не беа земени предвид поради тоа што не исполнуваа дел од критериумите. Така, на пример, штрајкот на лекарите беше само за правата на една професија, настаните на Калето и другите настани кои беа поврзани со етничките и верските односи, маршот Заедно за мир немаше контрапротест и се однесуваше на меѓуетничкото насилство, настаните од 24 декември беа отворено партиски, протестите пред Општина Центар беа религиозни и немаа контрапротест, како ни протестите за зачувување на зеленилото во Центар, кои не се ниту завршени.

Поради просторната ограниченост, во овој документ нема да го набљудуваме целокупното известување во врска со овие настани, туку ќе се сконцентрираме само на оние случаи каде што целта е конструкција на идентитетот на граѓанските активисти како опозиционери и некој Друг.[16] Ќе бидат обработувани медиумски текстови преку анализа на нивното значење.

Наодите во дискурзивната анализа ќе бидат потпомогнати со заклучоците изведени од интервјуата кои ги спроведе истражувачот. Имено, беа спроведени девет полу-структурирани интервјуа со претставници на овие иницијативи, како и три интервјуа со претставници од политичките партии и две со претставници од медиумите. За жал, од лицата со кои беше разговарано, изостануваат учесници во контра-протестите, поради неможноста да бидат најдени или да прифатат да разговараат на овие теми со истражувачот.

# 2 ТЕОРЕТСКА И АНАЛИТИЧКА РАМКА

## 2.1 Демократизација и европеизација

Падот на комунизмот, а во тие рамки и транзицијата на Република Македонија, Самуел Хантингтон го вбројува во третиот бран на демократизацијата, заедно со најистакнатите примери од Јужна Европа и од Латинска Америка. Овој бран ги опфаќа транзициите од авторитарни/недемократски режими кон демократски политички системи.[17] Случаите на транзиција и демократизација во централно и источноевропските земји предизвикуваа и сè уште предизвикуваат огромен интерес кај академската и кај стручната јавност, не само поради широката територија и население што ги опфаќаат, туку и поради големата разновидност во динамиката на демократизација на овие земји, и покрај тоа што се очекуваше дека земјите ќе следат слични патеки на развој. Исто така, евроинтеграциските процеси се третираат со големо внимание, најмногу поради нивните гаранции за мирот и почитувањето на човековите права, особено по насилните 90-ти на Балканот, преку принципот на условеност (conditionality), на кој се обврзуваат земјите-кандидатки, за прифаќање на нормите и стандардите на ЕУ.

Во нивните дискусии за консолидирањето на демократиите, Линц и Степан ја дефинираат транзицијата како:

„Комплетна е кога е достигната согласност за политичките процедури кои ќе произведат избрана влада, кога власта добива мандат кој е директен резултат на слободно и народно гласање, кога власта има де факто авторитет да продуцира нови политики и кога извршната, законодавната и судската власт генерирани од новата демократија не мора да ја делат моќта со други тела де јуре.“[18]

Тие овде ја додаваат својата позната формулација дека демократијата е консолидирана кога е „единствената игра во градот“. Во нивните меѓузависни арени на демократијата ги вбројуваат и развојот на слободно и динамично граѓанско општество, релативно автономно политичко општество, владеењето на правото според кое власта и државниот апарат ги штитат индивидуалните слободи и слободата на здружување, ефективна државна бирократија која е на располагање на демократската власт и институционализираното економско општество.[19]

Искуствата од источното проширување на ЕУ во 2004 и во 2007 година открија

дека процесот на европеизација не е само вградување на законодавството на ЕУ, туку пред сè усогласеност на демократските вредности на земјите кои пристапуваат. Овие вредности ги изразуваат ставовите на граѓаните кон посензитивните политички области, како арените на Линз и Степан. Според Мунгиу-Пипиди, искуството на ЦИЕ е доказ дека само институционалните и правните реформи не се доволни за иницирање на неповратните промени во политиките.[20] Поради тоа, европеизацијата (степенот на трансформација) е од голем интерес кај академската и стручната јавност и се однесува на сите општествени, економски и политички области кај земјите-пристапнички.

Од широкото и сè уште растечко поле на студиите за европеизацијата, има неколку поважни сфаќања за истата. Од концентрација кон стриктното сфаќање на полето на применетите политики и влијанието на политичко-економската динамика на Европската комисија врз организациската логика на донесувањето на политиките на национално ниво,[21] до видувањето дека домашните политики стануваат предмет на европското донесување на политики,[22] Радаели ја дава најкорисната дефиниција за ова истражување и ја дефинира европеизацијата како процес на конструкција, дифузија (распространување) и институционализација на формални и неформални правила, процедури, политички парадигми, стилови, „начини на работење“ и споделени мислења и норми кои се првично дефинирани и консолидирани во донесувањето на одлуките во ЕУ, а потоа втемелени во логиката на домашниот дискурс, идентитети, политички структури и јавни политики.[23] Како што додава Ладрех, примарна цел на истражувањето на европеизацијата е образложувањето на каузалната врска и оценувањето на влијанието на ЕУ врз промените на домашно ниво.[24]

Во таа смисла, ова истражување ќе се концентрира на еден аспект од европеизацијата во Република Македонија – граѓанскиот активизам и неговото прифаќање во јавноста, феномен кој ги опишува промените во политичката култура и степенот на конвергенција (спојување) на демократските вредности, во смисла на прифаќање на различни мислења и подготвеност за здрава дебата кај општествените актери во државата (власта, медиумите, политичките партии и граѓаните/граѓанските организации).

## 2.2 Политичка култура

Накратко, политичката култура се однесува на доминантните норми и вредности што ги имаат граѓаните во едно општество во врска со политичките процеси и политичкото однесување во даденото општество. Политичката култура го одредува однесувањето и ставовите на граѓаните и групите кон власта, политичкото уредување, начинот на избор на власта, работењето и довербата во институциите итн.

Како примарна теоретска литература за истражувањето на политичката култура се зема истражувањето „Граѓанска култура" на Сидни Верба и Габриел Алмонд. Според нив, постојат три идеални типа политичка култура, од аспект на политичкото учество на граѓаните и нивните ставови во однос на политиката, кои можат да се комбинираат за да создадат една граѓанска култура:

1. Парохијална, каде што граѓаните се многу малку активни и имаат многу мало познавање, свесност и интерес за политиката (соодветна за традиционалната политичка структура).
2. Поданичка, каде што граѓаните се свесни за политиката и за централната власт, го чувствуваат нејзиното влијание, но нема простор за несогласување (соодветна за централизирана, авторитарна структура).
3. Партиципативна, каде што граѓаните се свесни за политиката и за власта, го чувствуваат нивното влијание врз нивните животи, но имаат можност и алатки да влијаат врз донесувањето на одлуките (соодветна со демократската политичка структура).[25]

Тие, заедно со Екстајн, ја формулираат тезата на совпаѓање (congruence), т.е. тврдат дека политичкиот режим е стабилен само доколку неговите авторитетни шеми се совпаѓаат со авторитетните верувања на луѓето.[26] Во однос на транзицијата и демократизацијата, Велцел и Инглхарт веруваат дека ставовите и верувањата на граѓаните се клучни за шансите на една земја да се демократизира или пак да остане демократска, поради тоа што масовните верувања (како што тие ги нарекуваат) одредуваат дали еден систем е прифатен како легитимен или не, и дали еден режим ќе преживее. Тие ја продолжуваат теоријата на совпаѓање со тоа што тврдат дека политичките режими мора да доставуваат демократија на нивоа на кои се задоволуваат потребите на граѓаните за демократија.[27]

Едно истражување спроведено во 2005 година покажува дека политичките култури во Македонија, Бугарија и во Албанија се карактеризираат како полни со патрон-клиент односи, кланска култура на местото на политиката на интересните групи, мултикултурност, широка корупција, земјоделско-селански општества и комунистичко наследство.[28]

Во однос на граѓанскиот активизам, последното истражување на ИДСЦС за политичката култура во Македонија покажува дека 60% од граѓаните никогаш не потпишале петиција, 67% никогаш не учествувале во демонстрации, 70% учествувале во јавни собири, а 80% не штрајкувале и не се жалеле пред некоја јавна институција.[29]

Овие тези ќе ни помогнат да ја разбереме политичката култура во Македонија во однос на граѓанскиот активизам, т.е. нѐ наведуваат кон заклучоците дека граѓаните

не се многу активни, што е карактеристика на парохијалните и поданичките култури, дека патрон-клиент односите се многу застапени, а сепак властите „доставуваат онолку демократија колку што се бара од нив", со цел да се креира слика за партиципативност преку контрапротестите.

## 2.3 Теориите за општествени движења

Од широкиот спектар истражувања посветени на општествените движења, овде ќе се задржиме на оние теории и концепти кои го третираат односот меѓу движење и контрадвижење, со цел подобро да се разбере феноменот контрапротест како основна карактеристика на последните неколку години од македонскиот граѓански активизам.

Кичелт ги гледа партиите, интересните групи и општествените движења како елементи во една густо испреплетена мрежа од поврзаности помеѓу граѓанското општество и политичките институции во една демократска држава. Сепак, тој верува дека движењата и партиите оперираат во два система на акција – партискиот и оној на движењето, и на тој начин играат различни улоги.[30] Но, начинот на кој навистина се оформуваат овие улоги е вреден за истражување, гледајќи од аспект на македонското искуство. Ако Залд и Мекарти (слично на Тарнер и Килиан) ги дефинираат општествените движења како низа од мислења и ставови со кои се искажуваат преференци кон менување на некои елементи на општествената структура и/или дистрибуцијата на добрата во општеството, тогаш тие го нарекуваат контрадвижењето како спротивна низа од мислења и ставови,[31] а Мотл го гледа контрадвижењето како вид протестно движење кое е одговор на промените што се застапувани од страна на оригиналното движење, т.е. како свесен колективен и организиран обид за спротивставување или менување на насоката на некои промени.[32] Според Залд и Усим, владите можат да интервенираат на едната или на другата страна,[33] а би додале (м.з.) и да работат во улога на организатори во конкретниот случај.

Мајер и Стагенборг набројуваат три услови за појава на контрадвижењата:

1. оригиналното движење покажува одреден успех;
2. интересите на одредена популација се загрозени од ова, и
3. она што е најинтересно за нашето истражување, политичките сојузници се способни да мобилизираат спротивставени маси.[34]

Мајер и Стагенборг велат дека застапниците на одредени каузи употребуваат форми на општествени движења кога ве-

руваат дека овие форми се неопходни за постигнување на целите и кога се потенцијално ефикасни,[35] но што кога властите, т.е. владејачките структури, сметаат дека овие форми се потенцијално ефикасни токму против опозициските сили?[36]

Феноменот на протестите и контрапротестите во Македонија ќе биде разгледуван во следнава рамка – ќе се разгледуваат протестите насочени против некоја општествена појава или владина политика, на кои - во различни форми - им се спротивставуваат контрапротестанти. Како што движењата тврдат дека претставуваат поголема бројка граѓани (constituency) од оние кои се присутни на протестот,[37] така владејачките елити сметаат дека контрапротест ќе ја намали репрезентативноста на оригиналното движење. Во таа линија, контрапротестот е совршена алатка на популизмот, затоа што дава друга слика за тоа кој е, всушност, „народот". Со контрапротестите дополнително се зголемуваат социјалните трансакциски трошоци[38] на оригиналното движење, т.е. тие претставуваат дејство што ги зголемува „трошоците" (во поширока смисла) на активистите, како што ќе се покаже од натамошното излагање, преку искривените слики претставени во медиумите и енергијата потрошена да се докаже спротивното. Според Рутс, мора да се признае дека државите и различните државни институции различно ги третираат општествените движења и граѓанските организации, во зависност од политичките области и во различни временски рамки.[39] Оваа анализа се осврнува токму на тоа каков е одговорот на државните институции и на владејачките елити во однос на граѓанските иницијативи и движења кои ја предизвикуваат нивната работа и каква е сликата што се обидуваат да ја создадат преку уличниот активизам и претставувањето во јавноста преку медиумите.

## 2.4 Анализа на дискурсот

Дискурзивната анализа како аналитичка рамка и методолошка алатка нуди многу можности за пристапување и толкување на јазичните и симболичните пораки и нивното значење во општествена и во политичка смисла. Пред да пристапиме кон користење на анализата на дискурсот како метод за анализирање на собраните податоци за граѓанскиот активизам во Македонија, потребно е накусо да го дефинираме и да го објасниме овој метод и неговата еволуција. Ова го правиме за секому кој ја следи оваа анализа да му биде појасно кои се точките од каде што се тргнува при анализата и толкувањето на собраните податоци.

Везовник ги сфаќа општеството и општественото во прв ред како седиментирана (наталожена м.з.) дискурзивна практика,[40] а Лакло го гледа дискурсот како примарен терен за воспоставување на општествената објективност, додавајќи дека дискурс е кој било комплекс од елементи во кој односите имаат конститутивна (создавачка) улога.[41]

Целта на нашата анализа, меѓу другото, е да сфатиме како јавноста во Македонија го перципира граѓанскиот активизам, или кажано со јазикот на Лакло, каква општествена објективност е воспоставена за граѓанскиот активизам, односно каков е односот кон граѓанскиот активизам. Дефиницијата за дискурсот еволуира и во голема мера зависи од фазата на истражувањето. Во таа насока, најбитно е разбирањето на различните генерации, т.е. традиции во анализата на дискурсот. Овие фази не се земаат посебно, туку се меѓусебно зависни, а секоја наредна фаза е надополнување и проширување на претходната.

**1.** Првата генерација го дефинира дискурсот во потесна лингвистичка смисла, т.е. тргнува од верувањето дека дискурсот е текстуална единица поголема од една реченица. Овој приод се фокусира на семантичките аспекти на говорниот или пишуваниот текст.[42]

**2.** Втората генерација го дефинира дискурсот пошироко, т.е. покрај говорниот и пишаниот јазик, оваа генерација го шири сфаќањето за дискурсот во социјалните (општествените) практики. На оваа генерација ѝ припаѓа критичката дискурзивна анализа (КДА) развиена од страна на Ферклоу, инспирирана од страна на Фукоовата анализа на дискурзивните практики кои систематски ги формираат објектите и субјектите за кои говорат. Овде, дискурсот е дефиниран како „емпириски збир на практики кои се сфаќаат како дискурзивни доколку содржат семиотички (знаковен) елемент (...), со што дискурсот е сведен на еден поширок опсег социјални (општествени м.з.) практики."[43] Ваквото поимање на дискурсот ги вклучува сите видови практики, како говорот, пишувањето, сликите и гестовите што ги користат општествените актери при својата продукција и интерпретација на значењето.

Социјалните класи и етничките групи произведуваат идеолошки дискурси, со цел да одржат една хегемонска или да создадат една контрахегемонска моќ. На тој начин, идеолошкиот дискурс придонесува кон одржување и репродукција на општествениот и на политички поредок, како и кон неговата трансформација, што нè води кон сфаќањето дека КДА ги претставува ефектите на силата (моќта) кај дискурсот.[44]

Фуко, сепак, се фокусира на правилата на создавање кои го уредуваат создавањето на ваквите изјави и практики. Во неговиот фокус не се вистината и значењето на фактичките изјави, туку дискурзивните услови за нивна возможност. Така, вниманието на Фуко е свртено кон „правилата на создавање“ кои регулираат што смее да се каже, како да се каже, кој смее да говори и во чие име, како и кои стратегии можат да бидат реализирани на ниво на дискурсот. За разлика од КДА, тој смета дека сите практики не се дискурзивни во смисла на тоа дека се конструирани преку дискурзивни правила на создавање кои можат да варираат во однос на времето и местото.[45]

За нашето истражување беше мошне интересно тоа што Фуко најмногу внимание посветува на борбата за моќ, која уредува и преуредува одредени формулации на дискурсот. Овие анализи на моќта го заменуваат класичното восприемање на суверената моќ (која ја сфаќа моќта како доминација и репресија) со едно ново сфаќање на дискурзивна моќ, која го става акцентот на производните аспекти на моќта. „Моќта не е ниту однос на доминација, ниту способност да се дејствува, туку 'однесување на однесувањето' во релација со начините на кои дискурсот ги управува дејствата преку моделирање на идентитетите, капацитетите и односите на претпоставеност (субординација) на општествените актери."[46] Следствено, моќта и дискурсот се заемно конститутивни и не можат да се третираат едно без друго.

**3.** Третата генерација уште повеќе го проширува сфаќањето, опфаќајќи ги сите општествени феномени во опсегот на дискурсот. Според Дерида, сѐ се претвора во дискурс, па општествените идентитети не се веќе фиксирани со својата референца во еден центар, туку центрите постојано се поместуваат. Според тоа, општественото значење на појавите станува парцијално фиксирано во и преку дискурсот.[47] Постструктуралистите го делат мислењето дека општествениот идентитет е конструиран во и преку децентрализирани дискурзивни системи. т.е. овие автори (Роланд Барт, Јулија Кристева и Жак Лакан) имаат едно широко сфаќање за дискурсот како релационен систем на знаковни практики кој е продуциран преку историски и политички интервенции и дава хоризонт за конструкцијата на кој било предмет со значење. Оваа традиција е инспирирана од постмодернизмот, постструктурализмот и постмарксизмот. Лакло и Муф во третата генерација во одредена мера го прифаќаат претходниот пристап, но исто така и се оддалечуваат. Како Фуко, и тие ја набљудуваат релацијата помеѓу моќта и дискурсот, но ја напуштаат дистинкцијата меѓу дискурзивното и недискурзивното, и доаѓаат до заклучокот дека дискурсот е продолжение (продолжена рака) на социјалното (општественото).[48]

Постструктурниот пристап во анализата на дискурсот, застапуван од страна на Лакло, Муф и Фуко, се темели на пет аргументи, многу важни за сфаќањето на нашето истражување.

**а**) Сите форми на општествени практики се втемелени на историско-специфични дискурси.[49] Со други зборови, што и да кажеме, мислиме или правиме, сѐ е управувано од еден наталожен дискурс кој е постојано модификуван и трансформиран од она што го кажуваме, мислиме или правиме.[50] Ова ќе ни помогне да ги разбереме дисквалификациите кои се користат против граѓанскиот активизам, врз основа на неговата поврзаност со минатото и минатите елити, односно со транзицијата во Македонија.

**б**) Дискурсот е конструиран, исто така, преку хегемонските борби чијашто цел е воспоставување на „политичко и морално-интелектуално“ водство преку артикулацијата на значењето и идентитетот.[51] На овој начин, ќе прикажеме дека хегемонската позиција која ја има моменталната власт во Македонија наметнува дискурс преку кој само таа има „морално-интелектуален“ капацитет за визија и управување со општеството, утврдување на вистината и определување на општествените улоги и идентитети (пример: предавници, патриоти и сл.).

**в**) Хегемонската артикулација на значењето и идентитетот е во блиска врска со создавањето на општествените антагонизми кои го опфаќаат исклучувањето на „законувачката другост, кое го стабилизира дискурзивниот систем, а во исто време и го спречува неговиот крај“.[52] На овој начин, власта ги прикажува демонстрантите како другите, односно оние кои не припаѓаат, а го подгрева општествениот антагонизам преку организирање контрапротести.

**г**) Стабилниот хегемонски дискурзивен систем (како и општествениот поредок) „станува дислоциран кога се соочува со нови настани кои не може да ги објасни, претстави или на друг начин да ги припитоми/апсорбира“.[53] Контрапротестите се начин на апсорпција на новите настани, т.е. протестите, на начин што борбата веќе не е помеѓу граѓаните и власта, односно помеѓу алтернативните јавни политики и државните политики, туку помеѓу две групи граѓани.

**д**) Дислокацијата на дискурзивната структура прави предметот (на анализа) секогаш да се претвори во поделен предмет со потенцијален обид да „претвори цел идентитет преку дејствата на идентификација“.[54] Овој поделен предмет се сфаќа како поделба помеѓу себе (Self) и другоста (Other), во смисла на антагонистички борби за хегемонска позиција во дискурсот. Овој аргумент е блиску поврзан со претходниот, т.е. ни укажува како, преку контрапротестите, власта не се претвора во поделен предмет, туку го поделува граѓанството, и на тој начин ја задржува својата хегемонска позиција во дискурсот.

За целта на нашето истражување, како делумно корисна ја прифаќаме втората генерација, особено аспектот на Фуко околу односот помеѓу моќта и дискурсот, а како покорисна ја земаме третата генерација, особено петте аргументи на постструктурализмот. Ги поставуваме вака од причини што ни е битно како граѓанскиот активизам и активистите се преставени во јавноста, а целта на таквите претставувања е одржувањето на одредени хегемонски односи на власта, т.е. конструкција на идентитетите на оние кои се различни од партиското сфаќање на демократијата и активизмот. Така, кога внимателно ќе се анализираат медиумските известувања, ќе можеме да го согледаме начинот на кој се пренесува пораката, која има за цел да не се нарушуваат досегашните сфаќања за граѓанството, туку да се толкува секој обид за пре-

дизвикување на власта преку партиската матрица која, пак, вели дека граѓанските активисти не се ништо повеќе од продолжена рака на опозицијата.

## 2.5 Правна рамка

Како што беше споменато претходно во делот кај Линц и Степан, за развивање и консолидирање на демократијата е неопходно здраво и динамично граѓанско општество. Развојот на граѓанското општество (а со тоа и создавањето и одржувањето активни граѓани) своите нормативни извори ги има во повеќе меѓународни правни инструменти со кои се пропишуваат граѓанските и политичките права.

За нашето истражување се најрелевантни слободата на изразувањето, слободата на здружувањето и правото на јавен собир.

Слободата на изразувањето е содржана во Универзалната декларација за човековите права (УДЧП) на ООН, која подоцна е преточена во Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права на ООН и во Европската конвенција за човековите права (ЕКЧП) на Советот на Европа.

Членот 19 на УДЧП гласи: „Секој има право на мислење и на негово изразување. Ова право ја вклучува слободата да се има мислење без надворешно мешање и правото да се бараат, примаат и предаваат информации и идеи преку каков било медиум и без оглед на границите". Овде е особено важно да се истакне дека под поимот „мешање" се подразбира мешање од страна на власта или од друга позиција на моќ со цел принудно да се промени мислењето на поединецот. Ова соодветно се надополнува со членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права, кој гласи:

„Секој има право на мислење без надворешно мешање. Секој има право на слобода на изразувањето. Ова право ја вклучува слободата да бара, прима и да пренесува информации без оглед на границите, и тоа во пишана или во усна форма, преку уметнички израз или преку кој било медиум по негов избор. Остварувањето на правото опишано во параграфот два од овој член, со себе носи специјални должности и одговорности, поради што може да биде предмет на определени ограничувања, но тие можат да се наметнат само доколку се пропишани со закон и доколку се неопходни: а) за да се овозможи почитување на правата или угледот на другите, и б) за заштита на националната безбедност или на јавниот ред, или за зачувување на јавното здравје или јавниот морал".

Од ова може да се согледа дека правото на единката е ограничено со правото на другите и со благосостојбата во општеството.[55] Понатаму, слободата на изразувањето е содржана и во членот 10 од Европската конвенција за човековите права, кој гласи

**1.** „Секој има право на слобода на изразувањето. Ова право ја вклучува слободата на сопствено мислење и примање и пренe-

сување на информациите или идеите, без какво било мешање на јавната власт и без оглед на државните граници. Овој член не ги спречува државите да им доделуваат лиценци за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и на кината.

**2.** Бидејќи остварувањето на овие слободи со себе носи и одговорност, може да се подложи на формалности, услови, рестрикции или казни определени со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од немири или кривично дело, заштита на здравјето или моралот, заштита на репутацијата или правата на другите, заштита од откривање на доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството".

Во домашното законодавство, пак, слободата на изразувањето се уредува со членот 16 од Уставот на РМ, каде што стои:

„Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информирање.

Се гарантира слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информациите.

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета."

Понатаму, слободата на здружување, политичко организирање и дејствување е исто така загарантирана и со меѓународните стандарди, но и во домашното законодавство.

Иако слободното здружување е загарантирано со Универзалната декларација за човековите права на ОН, истата не прави разлика меѓу граѓанското и политичкото здружување. Така, членот 20 од УДЧП предвидува дека секој има право на мирно собирање и здружување и дека никој не може да биде принуден да членува во здружение, а пак членот 11 од ЕКЧП утврдува дека

**1.** „Секој има право на слободно и мирно собирање и здружување со други, вклучувајќи го и правото да основа и да стане член на синдикат за да ги заштити своите интереси.

**2.** Остварувањето на овие права може да се ограничи само со закон и само доколку тоа е неопходно во едно демократско општество, во јавната сигурност, за спречување на неред или кривично дело, за заштита на здравјето и моралот или за

заштита на правата и слободите на другите. Овој член не го спречува поставувањето законски ограничувања за припадниците на оружените сили, полицијата или државната администрација.“

Што се однесува до Уставот на РМ, слободата на здружувањето е содржана во членот 20:

„На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и да истапуваат од нив. Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. Забранети се воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на оружените сили на Република Македонија“.

Исто така, слободата на здружување и различните аспекти од работењето на граѓанските организации се регулирани со повеќе законски акти, како што се Законот за здруженијата и фондациите, Законот за сметководството на непрофитните организации, Законот за донациите и спонзорствата и др.

Што се однесува на правото на јавен собир и изразување протест, истото е загарантирано со членот 21 од Уставот на РМ, каде што се уредува дека граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола, но и дека користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.

Покрај оваа прилично либерална рамка, Законот за јавните собири дополнително ги дефинира правата во оваа сфера. На пример, одредува дека правото на јавен собир треба да се искористува на мирен начин и дека нема да се ограничува правото на слободно движење и другите права на граѓаните кои не учествуваат во јавниот собир. Интересно е тоа што овој закон содржи и дефиниција за јавни собири, поточно во членот 2 уредува дека:

„Под јавни собири на повеќе од 20 граѓани, во смисла на овој закон, се сметаат собирањето на отворен или на затворен простор заради остварување на забавни, културни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски, спортски или слични интереси на граѓаните, организирани заради јавно изразување на мислење или протест.

За јавен собир, во смисла на ставот 1 од овој член, не се сметаат:

- верските обреди што се одржуваат во простории наменети за верски цели;
- вообичаените народни свечености;
- погребните поворки;

- собирањето на простори каде што е затворен слободниот пристап заради разгледување на синдикални прашања;
- вообичаените собирања од културнозабавен или спортски карактер кои организаторот, во рамките на својата дејност, ги организира во затворени простори наменети за таа цел, и
- вообичаените собирања, состаноци, семинари и трибини на претставниците на државните органи, организации или други правни лица во вршењето на надлежноста, односно дејноста, собирањето на политички партии и слично, во затворени простори.”

Ограничувањата на правото на јавен собир се опфатени и со последните измени во овој закон, кои се однесуваат на ограничувањата во однос на локацијата, т.е. дека јавни собири не можат да се одржуваат до здравствени установи, за да не се попречува пристапот на возилата на брза помош и да не се нарушува мирот на болните, до детски градинки и училишта, додека во нив престојуваат деца, како и на автопатишта и магистрални патишта, на начин со кој се загрозува патниот сообраќај.

Иако, според Уставот, организаторите на протестите не мора да го известат Министерството за внатрешни работи, таа можност постои, по проценка на организаторот, најдоцна 48 часа пред почетокот на одржувањето на протестот. Во известувањето треба да се наведат целите на одржувањето на јавниот собир, местото и времето на одржувањето, организаторот на јавниот собир, мерките што ги презел организаторот во врска со непреченото организирање и одвивање на јавниот собир и податоците за организирањето на редарската служба. Доколку се побара, обезбедување може да врши и полицијата, на сметка на организаторот. Иако МВР не смее да го прекине одржувањето на собирот, доколку се заклучи дека постои опасност и дека се загрозува животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните, доколку се вршат кривични дела, се загрозува животната средина или пак се попречува сообраќајот, според меѓународните договори полицијата има право да го прекине собирот и да ги заштити граѓаните (член 6).

Притоа, секако, се забрануваат насилните акции, носењето оружје, консумирањето алкохол и опојни дроги, попречувањето на сообраќајот (член 5) и др.

# 3 | АНАЛИЗА НА ДИСКУРСОТ ОКОЛУ ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ

Во следните делови ќе се осврнеме на начинот за кој беше известувано за овие настани, т.е. ќе се направи дискурзивна анализа на неколку електронски, печатени и интернет медиуми во врска со овие настани.[56] Понатаму, ќе се презентираат и резултати од разговорите со претставниците на овие иницијативи/протести, политичките партии и медиумите, со цел да се слушне какви се нивните видувања за овие настани и општата ситуација со граѓанскиот активизам во државата. За жал, меѓу лицата со кои беше разговарано изостануваат учесници во контрапротестите, поради неможноста да бидат најдени или да прифатат да разговараат на овие теми со истражувачот.

## 3.1 Граѓаните на улица

Во овој дел, накратко ќе се осврнеме на самите настани и фактографски ќе ги опишеме случувањата чиешто медиумско известување и перцепции ќе ги обработуваме понатаму.

### 3.1.1 Не силувајте го Скопје! А скопјаните?

Настаните од 28 март 2009 година беа наречени Прво архитектонско востание, организирано од страна на Првата архибригада (ПАБ) и поддржано од страна на група млади луѓе кои понатаму ќе се организираат во Плоштад Слобода. Во овој период веќе се наѕираше дека се планира нешто налик на проектот „Скопје 2014“, иако проектот не беше експлицитно најавен како таков, туку беше најавена изградбата на неколку објекти во централното градско подрачје.[57] Највпечатлив од овие објекти беше црквата Св. Константин и Елена, која требаше да се (ре)изгради на плоштадот. Група студенти од Архитектонскиот факултет во Скопје во тој период почнаа да се собираат по предавални и кафулиња и да дискутираат за тоа дека мора на некој начин да се реагира против изградбата на црква на тоа место на плоштадот. Причините кои тие ги наведуваа беа дека ваквото решение не е одржливо и логично од аспект на јавниот простор, корисноста на плоштадот, струењето на воздухот и безбедноста на граѓаните и посетителите.

На овие настани им претходеше една дебата организирана во Културниот центар Точка, која беше посветена токму на изградбата на црквата. Како говорник на дебатата беше поканет и актуелниот градоначалник на Скопје – Трифун Костовски, кој беше против изградбата на ваков објект. Оваа дебата беше насилно прекината од страна на лица со верски обележја.[58]

Кога ПАБ ги обелодени своите планови преку социјалните мрежи, кон нив се приклучија и дел од организаторите на оваа дебата. Планот беше на 28 март 2009 да се организира мирен протест под мотото „Не силувајте го Скопје“. Многу е важно да се напомене дека истиот настан се случуваше во екот на предизборна кампања за локалните и претседателските избори.

Вечерта пред протестите, Јанко Илковски, ТВ-водител, во својата емисија „Јади бурек“ најави дека „збирштина од геј и атеисти“ ќе прават протест против црквата на плоштадот и ги повика граѓаните да се соберат против овој протест.[59] Истиот повик, на својот Фејсбук профил, го упати и пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Ивица Георгиевски.[60]

На денот на протестот, околу 200 студенти и поддржувачи се собраа да протестираат, а против нив настапи една добро организирана група од двојно повеќе демонстранти, повторно со верски обележја. По вербалната размена, контрапротестантите постапија со насилство кон студентите и нивните поддржувачи, што малубројното полициско обезбедување не можеше да го спречи.[61]

Црквата на плоштадот не се изгради, но набрзо потоа беше промовиран добропознатиот проект „Скопје 2014“. Сево ова резултираше со прекршочни пријави за учесниците од двете групи, а беше почеток на серија протести во разна форма, како и формализација на ПАБ и Плоштад Слобода како граѓански организации.

### 3.1.2 СТОП за полициската бруталност!

Она што од страна на многумина е перципирано како најмасовен граѓански протест во Скопје започна со еден немил настан, т.е. со убиството на 22-годишниот Мартин Нешковски, ноќта помеѓу 5 и 6 јуни 2011 година, за време на прославата за победата на парламентарните избори од страна на ВМРО-ДПМНЕ на плоштадот Македонија. Истата вечер на социјалните мрежи се емитуваа информации дека на смрт е претепано едно момче од страна на припадник на Министерството за внатрешни работи, иако настанот не беше заведен во билтенот на СВР Скопје. Најпрвин беше истакнато дека на момчето му се слошило, по што настапила смрт, за МВР (дури на 7 јуни!) да признае дека кај момчето настапила насилна смрт, предизвикана од припадник на специјалните полициски сили Тигар.

Приказната веќе беше доволно раширена и за настанот почнаа да објавуваат и медиумите, се дозна вистинскиот идентитет на починатиот (Мартин Нешковски,

наместо првичните информации дека бил Даниел), а млади луѓе почнаа да се собираат секојдневно во 18.00 часот и да протестираат против обидите за затскривање на случајот.[62] Подоцна барањата се прошириja, со тоа што демонстрантите експлицитно побараа оставка од министерката Гордана Јанкуловска, одговорност од страна на поширока група припадници на МВР, распуштање на единицата Алфи, како и зголемена цивилна контрола врз МВР.[63] Протестите траеја во различен интензитет до крајот на летото 2011 година.

Во текот на овој период имаше многубројни обвинувања дека на семејството на Нешковски му се закануваат со барање да престанат со поддршката на протестите.[64] Исто така, многу од учесниците во овие протести беа напаѓани дека се дел од опозицијата, чииштo припадници можеа да се забележат меѓу демонстрантите. По тој повод, група која се идентификуваше како припадници на протестите, организираше протести пред седиштето на СДСМ, со цел, како што велеа, да не се партизираат протестите.

Припадникот на специјалните единици Тигар Игор Спасов беше осуден за убиството на 14 години,[65] движењето имаше свое излагање и во Собранието на РМ, случајот влезе и во Извештајот на Европската комисија за напредокот на РМ,[66]но ниту едно од другите барања на движењето против полициската бруталност не беше исполнето.

### 3.1.3 АМАН, доста е!

Движењето АМАН произлезе по повод одлуките и правилниците кои ги донесоа државната Регулаторна комисија за енергетика и Топлификација АД Скопје, за зголемување на цените на струјата и парното.[67]

Првиот протест се одржа на 14.8.2012 година во Скопје, а веднаш по вториот протест започнаа и беа иницирани протести и во други градови во Република Македонија (Битола, Куманово, Прилеп и Тетово). Барањата од протестите беа да се врати цената на струјата и на парното на нивото од 2008 година, да се врати евтината дневна тарифа, да се укине ставката ангажирана моќност од 33 проценти во сметките за струја, итно да се повлече новиот Правилник на Топлификација и да се намалат цените на нафтените деривати, во согласност со стандардот на живеење.[68]

Овие протести се организираа еднаш неделно (во вторник), а поворките имаа различни рути. Според учесниците, овие активности не беа доволно покриени од страна на медиумите. Повпечатлив беше протестот пред седиштето на МРТ, поради тоа што националниот сервис не известуваше за овие настани, под паролата „Тие не ни доаѓаат, ете ние им дојдовме“, а беа користени и веќе познатите пароли како „Доста беше молк“ „Нема правда-нема мир“ итн.[69]

Протестите кулминираа со собирањето на повеќе од 13 илјади потписи во февруа-

ри 2013 година, со кои се бараше промена на Законот за енергетика. Иницијативата беше одбиена од страна на владејачкото мнозинство во Собранието.[70]

Контрапротестите за АМАН дојдоа во форма на Изгор приватизација, кои протестираа против приватизацијата на ЕСМ во 2006 година, т.е. против одлуката на СДСМ да го приватизира ЕСМ.[71]

## 3.2 Анализа на медиумите

### 3.2.1 Збирштина од геј и активисти против црква на плоштадот

По најавите за протестите во врска со изградбата на објект на плоштадот, прв се јави Јанко Илковски, водител од Наша ТВ, кој во својата емисија и на блогот го објави следново:

„Утре во 12 часот на плоштадот во Скопје, најверојатно, збирштина од геј и атеисти ќе се обидат да шират гадости под закрила за грижа за архитектурата на градот, а против изградба на црква. По тој повод, јас утре со моето семејство излегувам во контрапротест, еден час порано, во 11 часот, со тоа да ја дадам мојата поддршка за изградба на црква на плоштадот.“[72]

По насилството што се случи на плоштадот, министерката Јанкуловска излезе со изјава која беше пренесена во медиумите, во која се вели дека верниците биле испровоцирани од страна на демонстрантите против изградбата на црквата,.[73] што веднаш наведува на заклучокот дека се виновни, т.е. насилни и провокатори. Со слично обвинување излезе и премиерот Груевски, кој протестот го нарече „проект на Мирослав Грчев, противник на секој проект на Владата и член на СДСМ“. Исто така, се спомнува дека биле присутни и Ѓунер Исмаил, Љубомир Фрчкоски, како и нивните ќерки, што повторно укажува на некаков опозициски заговор.[74] Спомнувањето на Фрчкоски, Исмаил и Грчев (како и повеќе опозициски или членови од Фондацијата отворено општество - Македонија), ќе стане многу користена алатка и во натамошните известувања, во служба на врамување на идентитетите на овие лица, како симболи на т.н. транзиција на СДСМ, со омаловажување на протестите и на нивното право на граѓански ангажман. Со ова се дефокусира каузата на протестот и се зацврстува хегемонскиот дискурс дека власта е секогаш во право.

Со наслови како „Ексклузивно: Сценарио на СДСМ против изградба на црква!“[75] и „Од инцидентот на плоштадот само СДСМ сака да има ќар“[76] и **„Протест под капата на Сорос и Фрчкоски“**[77] се дава до знаење дека сето тоа било масло на СДСМ и, секако, на Сорос, како симболи креирани од

власта кои секогаш треба да асоцираат на зло, конспирација и дејствување против државата.

Уште еден интересен момент беше дека, иако организаторите беа внимателни да посочуваат дека нивните протести се против изградбата на објект на плоштадот,[78] во медиумите беше пренесувано дека протестите се против Црквата,[79] што е уште еден обид учесниците во протестите да се прикажат како нехристијани и не-Македонци, т.е. други или одродени.

## 3.2.2 Соросоидите во служба на Надеж

Веста за Мартин Нешковски најпрвин се прошири преку социјалните мрежи, за прв да извести интернет-порталот Нетпрес, на 6 јуни 2011 година.[80] Ова известување беше пренесување изјави на очевидци, кои дури и не го знаеја вистинскиот идентитет на починатиот. Наредниот ден веста ја објавија повеќето медиуми, а се објави и идентитетот на починатиот и на сторителот. Медиумските објави во врска со овој настан се пласираа во две насоки: 1) посветени на процесуирањето на случајот и 2) посветени на текот на протестите.

Така, уште првиот ден беше пренесена изјавата на Иво Котевски, портпаролот на МВР. Во врска со шпекулациите и дезинформациите преку социјалните мрежи пласирани во текот на претходните два дена, како и со повиците за насилство, Котевски за порталот Курир[81] изјави дека многу од лицата инволвирани во овие активности биле повикани на разговор во полицијата, но дека никој не пријавил протести. Тој, исто така, надополни дека оние кои протестираа не знаеле зошто го прават тоа, туку биле повикани, со што веднаш се создаде една мистериозна атмосфера дека е возможно да постои некаков скриен центар кој манипулира со протестантите и кој подготвува насилни протести. Во Дневник објавата на МВР ја оквалификуваа како среќна околност, зашто имало закани да се предизвикаат масовни протести и „којзнае какви сѐ не можни искривувања и злоупотреби натаму можеше да доживе случајот"[82], давајќи една негативна конотација на масовното протестирање и инсинуирајќи дека нема потреба веќе да се протестира. Весникот Вечер,[83] во нему својствен стил, објави дека паѓаат во вода шпекулациите и дека иако не бил потврден идентитетот на жртвата, неколку невладини организации излегле на протести, повторно алудирајќи на некакво тајно организирање, иако во првите денови немаше активности на НВО по ова прашање. Наративот против НВО се препознава и во текст во Нова Македонија од 14 јуни 2011 година, при што се вели дека социолозите сметаат дека масовните и долготрајни протести мора да имаат некаква политичка заднина. На организаторот на протестот, кој трае повеќе од неколку дена, му е потребна сигурност и голема поддршка. Овде се пренесува и изјавата на професор Илија Ацески:

„Има индиции дека политички партии се вмешани во протестите, само битно е во колкава мера се вмешани. Ако воопшто не се вмешани, тогаш постои силен невладин сектор, а тоа во нашата држава би можело да биде и погубно. Силен невладин сектор во слаба држава би можел да предизвика хаос.“[84]

На истите линии оди и прилогот на ТВ Сител, каде што се пренесува изјавата на братот на Нешковски, во која тој моли да не се политизира, а водителот додава „Вака братот на Мартин Нешкоски им се обрати на политичките партии и самонаречените невладини организации, кои помогнати од одредени медиуми се обидуваат да извлечат политички ќар од бруталното убиство на еден недолжен млад човек.“[85]

Од првите денови, веќе се впрегна и државната и партиската машинерија на ВМРО-ДПМНЕ за да ги поврзува протестите со работата на СДСМ, при што членовите на СДСМ беа осудувани заради „злоупотреба на овој настан во политички цели“[86], притоа упорно нагласувајќи дека случајот нема врска со политиката и дека не треба да се користи за дневно-политичка корист или манипулација со граѓаните.[87] Со слични барања излезе и Унијата на младите сили на ВМРО-ДПМНЕ.[88]

Дефокусацијата дојде во форма на преглед на другите случаи на полициска бруталност, прво од страна на весникот Вечер, со поднаслов „Кој од смрт ќарува, од сè друго во животот - губи!“ Овие случаи се поврзуваа со работењето на СДСМ, а на крајот од текстот се спомнува и случајот „Мартин Нешковски“, при што се напомнува дека заради политички профит во јавноста се прикажува искривена слика на реалноста.[89] Уредникот Драган Павловиќ Латас оди дотаму што луѓето како Милчин, Фрчкоски, Гордан Георгиев и Бранко Геровски, кои се појавиле на протестите,[90] ги нарекува „лешинари од СДСМ и од Сорос“, на истиот начин како што се правеше и со присуството на Исмаил, Фрчкоски и Грчев во протестите за црквата на плоштад.

Овој тон продолжува со многубројни вакви квалификации и во вестите на ТВ Сител во врска со протестите против полициската бруталност, каде што секојдневно се истакнува дека членови на СДСМ се присутни на протестите, „предводени од челните луѓе на фондацијата Сорос.“[91] Објавите укажуваа на некаков таен план според кој „крајна цел не е правдата, туку обид за рушење на власта, и тоа на само една недела по изборите на кои ВМРО-ДПМНЕ убедливо победи“, притоа додавајќи дека протестите се дел од проектот „Надеж“, според кој словенечки ПР експерти го советувале Бранко Црвенковски[92] како да ја зголеми сопствената популарност.

На 16 јуни 2011 година дневниот весник Дневник објави текст со интересна структура. Во текстот насловен како „МВР и демонстрантите на различен колосек“[93] прво е извадена изјава на претставник на движењето, потоа се пренесува изјава на Македонскиот полициски синдикат, па

следува информација дека Хелсиншкиот комитет за човековите права ги поддржува протестите, за на крајот да се стави до знаење дека СДСМ го повикало јавниот обвинител да поднесе кривични пријави против Гордана Јанкуловска за „злоупотреба на службеното овластување" и против Иво Котевски за „прикривање на кривично дело". Ваквото подредување има за цел да се создаде ментална слика дека протестите, Хелсиншкиот комитет за човековите права и СДСМ се една група, надополнувајќи го дискурсот за еден идентитет наспроти идентитетот на власта.

Обид демонстрантите да се прикажат како „некои други" (носители на другоста, на туѓото) може да се види и во колумната на Зоран Димитровски. Иако бараше оставка на Министерката, тој изјави дека:

„Не поради барањата на штотуку поразената опозиција и СДСМ, не поради уличните револуционери кои навиваат за грчко, алжирско или некакво друго сценарио за уривање на власта, туку поради македонските граѓани, поради 430.000 гласачи на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на кои им припаѓаа убиениот Мартин и неговото семејство."[94]

Со тоа, демонстрантите се поврзуваат со уличните револуционери кои навиваат за некои странски сценарија, поврзани со насилство. На ваквите квалификации им дојде напомош и интервјуто на американскиот политички аналитичар Умберто Паскали, емитувано на МТВ, еуфорично пренесено во Вечер, на ТВ Сител и во Нова Македонија, каде што организираните протести поради смртта на Мартин Нешковски се претставени како војна на пропаганди во која народот се користи како топовска муниција, и се вели дека ова е дел од сценариото на обоените револуции, при што се користат финансиската моќ на Сорос, западните медиуми и контролорите на интернетот. На овој начин се создава слика дека едно вакво движење не може да биде автохтоно за македонскиот простор, туку мора да биде инструирано од странски фактори кои имаат антимакедонски карактер. При личната дисквалификација на двајца истакнати учесници на протестите, се спомнува дека биле на семинар во Белград, организиран од фондацијата Сорос, каде што се зборувало и за организирање протести во странски држави и нивна дестабилизација, а сега одработуваат за своите ментори и финансиери.[95]

Многу интересен пристап имаше во известувањето на МТВ1, каде што секојдневно се спомнуваше дека иако демонстрантите тврдат дека немало политичка заднина, „сепак имало присутни и членови на СДСМ"[96], а неколкупати се спомена и тоа дека протестите се против таканаречената или наводната полициска бруталност, со што се даваше слика дека можеби протестите не се организирани за јавно декларираната кауза, или пак дека полициска бруталност воопшто не се случила.[97]

Контрапротестот за Мартин Нешковски (кој беше најавен на 18 јуни 2011 година, а се случи на 20 јуни 2011 година) заврши пред седиштето на СДСМ. Овде се зборуваше за шпекулации, т.е. „муабети", со зборовите на

контрапротестантската, дека на одредени учесници им се јавувале од СДСМ за организација на протестите, дека сакале Скопје да заличи на Бејрут[98] и дека тие сакаат да престане злоупотребата.[99] Покрај фактот дека овие контрапротести одат во корист на тезата дека протестите се организирани од СДСМ, тие исто така и го зајакнуваат дискурсот на поделениот предмет, т.е. ги става граѓаните на страната на власта, а против другите граѓани кои протестираат против полициската бруталност, отстранувајќи ја така власта од жариштето на општествената битка.

### 3.2.3 Социјална правда или затскривање на транзицискиот криминал?

Провладините медиуми користеа слични методи и во случајот со иницијативата АМАН, при што во секоја пригода се истакнуваше поврзаноста на оваа иницијатива со СДСМ, како на пример веста дека Сојузот на иднината ја поддржува иницијативата за собирање 10.000 потписи за предлагање закон,[100] дека членови на АМАН се и членови на СДСМ (при што се изнесуваа фотографии и се заокружуваа лицата на оние за кои се тврди дека се членови).[101] Понатаму, во изјавата на премиерот Груевски[102] се обвинува дека СДСМ манипулира со граѓаните, кои пак „собрани во некакво здружение, се обидуваат да исценираат одредени протести, пред сè раководени од членови на СДСМ и на здруженијата кои се финансирани од Соросовите фондации, кои исто така сакаат да создадат слика дека Владата ги одредува овие цени и дека Владата е виновна за тоа“. Исто така, беа објавени документи кои фрлиле „темна дамка“ врз АМАН, а во кои СДСМ бара од своите членови да излезат и да ги поддржат протестите, иако АМАН „се претставиле како независно тело.“[103]

Контрапротестите, т.е. протестите против политизацијата на протестите за полициската бруталност, односно во случајот со АМАН – Изгор приватизацијата, и медиумското внимание кое им се даде, одеа во корист на тезата дека движењето се некои луѓе кои не се автентични, односно некои други. Од друга страна, пак, Изгор приватизација се појави како ад-хок организација за да протестира против СДСМ и продажбата на ЕСМ во 2006 година, при што повторно се истакна дека СДСМ манипулира со АМАН.[104]

Креирањето ваков дискурс од страна на еден дел од провладините медиуми всушност најдобро се објаснува преку аргументите на постструктуралистичката дискурзивна теорија. Имено, со цел да се одржи хегемонската позиција врз приказната околу убиството на Мартин Нешковски, власта се обиде да инсистира на т.н. „неполитизирање“ на случајот, односно третирање на овој случај како кривично дело за кое се надлежни полицијата и институциите, а дека секој граѓански гест на барање оставка (читај политичка одговорност) од Министерката за внатрешни рабо-

ти, заради екстремен случај на полициска бруталност, всушност е „лешинарски, соросоиден, злонамерен, со партиска заднина и сл.“. Целта на ваквото врамување е да се обесхрабри каква било граѓанска реакција на овој случај, а секој што ќе се придружи на протестите веднаш да биде етикетиран како инструмент на СДСМ и Сорос. На овој начин, власта однапред се грижи протестите да не станат помасовни (што е за очекување, доколку го задржат граѓанскиот предзнак), а воедно многу полесно го контролира хегемонскиот дискурс, доколку целата приказна остане на теренот на Полицијата и институциите каде што власта целосно ги контролира состојбата и фактите, наспроти префрлањето на приказната на теренот на политичката одговорност на челните луѓе на МВР и односот кон полициската бруталност, како феномен што не треба да се толерира во едно демократско општество. На овој начин, власта се обиде да го заштити актуелниот дискурзивен систем од потрес и од евентуална „дислокација“, односно од појава на настан што нема да може да го протолкува во своја корист.

Истовремено, преку промовираниот доминантен дискурс, власта се погрижи за тоа да ги одржи постоечките општествени антагонизми и да го зајакне дискурсот според кој таа - како победник на изборите - има легитимно право да дејствува на сите полиња, а опозицијата – доколку ги поддржи или учествува на протестите - се обидува да ја оспори изборната победа.

## 3.3 Активисти, партии и медиуми

За потребите на нашето истражување беа интервјуирани повеќе активисти на протестите кои се предмет на истражувањето, членови на најголемите политички партии и новинари од влијателните медиуми. Тема за разговор беа нивните конкретни перцепции за обработените случаи, нивните видувања за граѓанскиот активизам во Македонија, а во таа смисла и нивното сфаќање на политичката култура во Македонија.

Како многу контроверзно прашање во однос на ситуацијата во Македонија се покажа она за точното дефинирање на автентичниот граѓански активизам. Така, дефинициите кај соговорниците се движеа помеѓу сфаќањето дека секој активизам е автентичен додека е дел од идентитетот на граѓанинот, т.е. прво личниот, па дури потоа доаѓа граѓанскиот идентитет.[105] Натаму, наидовме на толкувања на автентичниот граѓански активизам едноставно како борба да се каже она што се мисли и она во коешто се верува,[106] но исто така и како собирање на повеќе граѓани кои сакаат да си ја кажат маката, односно реакција на проблемите и дејствување пред институциите.[107] Постоеја и попрактични видувања на граѓанскиот активизам како насочување кон подобрување на одредени јавни политики, т.е. јавното добро како цел на таквиот активизам.[108]

Од друга страна, пак, неавтентичниот активизам (кај активистите преовладува-

ше мислењето дека таквиот неавтентичен активизам е контрапротестот) беше гледан како глума, инсталиран активизам, инструментализација, спин, измама, односно како обид да се искаже истото што го вели и власта, но на поинаков начин[109] или пак како активизам изманипулиран од партиите.[110] Дел од активистите сметаат дека од 2009 година неавтентичниот активизам доаѓа токму во формата на провладин активизам, т.е. очекување дека граѓаните треба да ѝ ја завршат работата на власта.[111] Проблемот, според Никола Наумоски, е во тоа што во последно време има премногу фронтови, а луѓето, т.е. граѓанскиот сектор, е премногу мал, што оневозможува вистинско развивање и активирање.

За разлика од нив, пак, Роза Топузова Каревска од ЛДП смета дека тој провладин активизам го имало отсекогаш, но во затскриена форма. Сепак, според неа, власта веќе не се обидува да го затскрие истиот, па формира организации кои ѝ служат неа, наместо на граѓаните. Александар Спасеновски од ВМРО-ДПМНЕ, пак, смета дека има преклопување во однос на општествените улоги, што не значи дека постои вештачки активизам. Сепак, тој упати критики кон опозицијата од аспект на моделирањето на протестите, иако не отфрли дека истото го прави и власта.

Од страна на сите соговорници, освен од Спасеновски, политичката култура беше окарактеризирана како непостоечка, на многу ниско ниво или во сериозно опаѓање. Најголемиот проблем е правењето дистинкција меѓу граѓанското/политичкото и партиското.[112] Според нив, една успешно протната теза е дека смеат да протестираат само оние граѓани кои се партиски активни, т.е. партиите ја имаат успешно искомуницирано тезата дека целите можат да се постигнат само преку партискиот активизам,[113] или пак дека протестирањето е чин на агресија[114] и дека не постои концепт на граѓанство.[115]

Негативното етикетирање во јавниот дискурс е многу честа појава, и тоа ги заплашува потенцијалните активисти. Според Талески, „има слобода на мислење и изразување на ставовите, ама и слобода на трпење на последиците“. Политичката клима, додава Талески, до 2006-2007 година се движела од поданичка кон партиципативна. Но, потоа овој тренд повторно се свртел надолу. Уште еден феномен на кој се осврнаа интервјуираните беше дека општеството е премногу поделено на наши и ваши, патриоти и предавници.[116]

Сепак, новинарот Горан Момировски истакна дека политичката култура се има европеизирано во еден аспект, а тоа е политичкиот маркетинг, кој е доведен до совршенство од страна на партиите.

За разлика од другите соговорници, пратеникот Спасеновски смета дека Македонија има напреднато во однос на политичката култура, споредено со другите централно и источноевропски земји. Сосема спротивно на гореизнесената поделба на предавници и патриоти, Спасеновски истакнува дека политичката комуникација

помеѓу противниците е на високо ниво и дека никогаш не биле прекинати каналите за комуницирање.

На прашањето за односите меѓу граѓанските движења и политичките партии, речиси сите активисти истакнаа дека во нивните случаи успешно се справиле со тоа да останат независни, иако во нивните редови (особено во АМАН) имало и партиски членови од неколку партии. Сепак, во однос на контрапротестите, сите истакнаа дека нивните впечатоци се дека тие биле исклучиво партиски организирани од страна на владејачката партија. Талески смета дека е голема веројатноста некој да биде член на навивачка група, верник кој учествува во контрапротестите и член на ВМРО-ДПМНЕ. Но, кога тој се понудил да им помогне на Плоштад слобода и на Движењето против полициската бруталност, бил одбиен или замолен да не настапува партиски. Слично искуство истакна и Топузовска-Каревска во врска со АМАН, т.е. дека тие ги поддржувале протестите, но не сакале нивните луѓе да бидат во прв ред за да не се добие погрешен впечаток.

Пренесувајќи дел од внатрешните дискусии во АМАН, Вангелов истакна дека имало членови кои не сакале да се протестира пред Собранието или пред Владата, токму поради стравот дека ќе бидат поврзани со опозицијата.

Активистите не биле задоволни од тоа како се претставени во медиумите, односно со делот од медиумскиот простор што им бил даден. Покрај веќе споменатите етикетирања, премногу енергија се потрошило на оправдување за тоа кој од опозицијата бил присутен на протестите, иако тие се независни движења. Особено е забележливо, во врска со протестот на плоштадот, дека активистите беа незадоволни што во повеќето медиуми, па и оние опозициските, се истакнувало дека се против црквата, иако тие биле внимателни во своите известувања дека се против изградбата на каков било објект на плоштадот.[117] Првата архибригада изрази особено незадоволство од известувањето на ТВ А1, затоа што премногу внимание се посветило на аспектот на човековите права, а многу малку внимание било посветено на вистинската причина за протестот, т.е. архитектурата. Сепак, тие станале популарни токму поради контрапротестот.

Како што истакнаа повеќе активисти, не изостанале ниту заканите и притисоците,.[118]

Иако претставниците на медиумите истакнаа дека не трпеле политички притисоци при известувањето за овие настани, според Момировски во една компилација на интереси меѓу новинарите, уредниците и сопствениците на медиумите, тешко дека ќе победи интересот само на една партија. Посебно интересно беше искуството во врска со првичното известување за смртта на Мартин Нешковски, дека од Канал 5 ниту еден новинар, освен него, не се осмелил да го направи прилогот.

Од аспект на надминувањето на проблемите во областа на граѓанскиот активи-

зам, имаше повеќе идеи. Според Наумоски, граѓанскиот сектор е премногу мал и премногу слаб за да биде носител на промените, и приматот на решението мора да ѝ биде даден на опозицијата. Сличен став имаше и Момировски, кој - сфаќајќи дека власта нема намера да се промени - смета дека опозицијата не смее да продолжи со истите мерки. Сараќини излезот го гледа во презаситеноста од пропагандата и во свртување кон хуморот, а Вангелов во одењето од човек до човек и во индивидуалното мобилизирање. Голубовска смета дека мора да се игнорира јавното етикетирање и да се зацврсти солидаризацијата внатре во движењата. Од Првата архи-бригада веруваат дека сите движења треба да бидат радикално инклузивни и да не се плашат доколку влегуваат членови на политичките партии, а Талески решението го гледа во сѐ поголемото мобилизирање на потесните струкови или интересни групи.

Момировски истакна дека граѓанските иницијативи може и треба да соработуваат со политичките партии, затоа што само така ќе се постигнат институционални промени, а визијата на Талески за СДСМ е токму во соработката со движењата.

За разлика од нив, пак, Спасеновски го смета моделирањето на движењата од страна на партиите како брутално. Според него, потребно е зајакнување на политичката култура за партиите да се повлечат во своите инхерентни рамки. Тој сфаќа дека од аспект на опозицијата е најдобро таа да го стимулира активизмот, но дека истиот мора понатаму да си ја доживее спонтаноста, и да не биде моделиран како досега.

Заклучоците што можат да се извлечат од презентираните разговори се дека во голема мера одат на истата линија како и заклучоците од медиумските известувања. Имено, активистите и претставниците на опозициските партии сметаат дека негативното етикетирање во медиумите оди во насока на задржување на морално-интелектуалното политичко водство на владејачките структури, преку одржување на хегемонската позиција и исклучување на заканувачката другост, која ја претставуваат граѓанските активисти. Понатаму, фактот дека повеќето од интервјуираните ги сметаат контрапротестите како неавтентични и инсталирани, наведува на заклучокот дека власта се обидува да се задржи себеси како „неподелен“ предмет, но го дели граѓанството на едни наспроти други.

Исто така, фактот дека беше тешко или речиси невозможно да се најдат контрапротестанти кои ќе се согласат да бидат интервјуирани, а оние што ги најдовме одбија да учествуваат, дополнително ја потврдува тезата дека тие се само симулација на граѓанство, дека немаат аргументи зад себе и дека се само алатка во борбата за хегемонија.

# 4 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Фактите и ставовите искажани досега укажуваат на тоа дека во Македонија постои, или барем се движи кон тоа, една непартиципативна и поданичка политичка култура. Ова можеме да го согледаме преку сите обиди на власта да го сузбие различното мислење и максимално да ја искористува својата моќ кога се организираат контрапротести. Понатаму, за разлика од верувањето на Кичелт дека политичките партии и општествените движења дејствуваат во два одделени системи на акција, од досега приложеното може да се види дека ова не е случај со Македонија, каде што владејачката партија е дури и креатор на движењата. Понатаму, преку контрапротестите, власта се обидува да постигне поголема репрезентативност на граѓанскиот активизам во своја корист и го сузбива развивањето на независен граѓански активизам, преку зголемување на социјалните трансакциски трошоци по пат на етикетирањата и контрапротестите.

Од анализата на јавниот дискурс во трите случаи може да се види дека владејачките структури преку медиумите и контрапротестите дејствуваат на две линии – едната е дека секој протест кој не е провладин (или кој е против некоја владина политика или став) е невалиден затоа што е проопозициски, и другата е дека оние кои протестираат се некои други (противници и претставници на туѓо ткиво во општеството), со друг идентитет и дека како такви не припаѓаат во јавниот дискурс.

Конкретното спомнување на опозициски членови или пак активисти поврзани со Сорос фондацијата нѐ наведува на заклучокот дека доминантна стратегија е да се укаже дека во Македонија не може да постои автентичен граѓански активизам, доколку не е поддржан од народот на избори, т.е. не ја претставува Владата, односно владејачката партија. Со спомнувањето на 90-тите и поврзаноста на Фондацијата отворено општество - Македонија со СДСМ, се укажува на тврдењето дека граѓанскиот сектор отсекогаш бил доминиран од партијата и одработувал за нејзини цели. Како што истакнува и Топузова Каревска, отсекогаш постоеле организации кои на одреден начин работеле за власта. Но, во периодот 1998-2002, според неа, за краток временски период биле формирани огромен број невладини организации од најразлични тематики, со цел да работат за владејачката партија кога би отишла во опозиција,

Секој дискурс е зависен од она што во него е седиментирано низ времето, односно од она што било кажано, смислено и сторено во

рамките на тој дискурс. Во таа смисла, дискурсот е променлива категорија, а неговото значење се добива од актерите, односно во нашиот случај, од власта, партиите, граѓанските активисти и медиумите. Според тоа, граѓанските активисти и политичките партии се борат за тоа кој ќе ја има доминантната (хегемонска) позиција при создавањето и толкувањето на граѓанскиот дискурс. Бидејќи живееме во време кога владејачката партија се обидува да наметне една сосема нова парадигма, асоцијацијата со „криминалните 90-ти“ и „логичната“ коалиција меѓу граѓанските иницијативи, Фондацијата отворено општество - Македонија, СДСМ и преостанатата опозиција, го наметнува наративот дека секој отворен протест против оваа власт е обид за уназадување на постигнувањата и враќање на старите односи од 90-тите. Поради тоа и се користат сите етикетирања на активистите во јавноста.

Со прикажување на способноста за наводна граѓанска мобилизација во насока на поддршка на владините политики и постапки или во протест против опозицијата, се создава илузијата дека динамичното и слободно граѓанско општество за кое зборуваат Линц и Степан навистина постои и веќе ги прифатило новите односи и парадигми кои ги наметнува власта.

Дискурсот се воспоставува преку т.н. хегемонски борби за „политичко и морално-интелектуално лидерство во артикулирањето на идентитетите и значењата “ Токму затоа власта се обидува: прво, по пат на контрапротести да создаде баланс (граѓанска контратежа) на секое граѓанско спротивставување на владејачкиот дискурс; второ, да го етикетира и омаловажи секој што ќе се осмели да го доведе во прашање официјалниот дискурс воспоставен од страна на власта, и трето, медиумите да имаат посебна улога во одржувањето на власта, како политички и морално-интелектуален хегемон (доминантен фактор) кој го има единственото право да кажува кои граѓански движења се добри, а кои се дел од другоста и претставуваат туѓо ткиво во општеството.

Во комбинација со поврзувањето на граѓанските иницијативи со странски донатори и елементи, се добива впечатокот дека тие се навистина некаква другост (туѓо ткиво во општеството), дека не се автохтон обид да се подобри општеството, туку одработуваат за туѓи, странски интереси. Хегемонската позиција на владејачкиот дискурс наспроти граѓанските протести може да се одржи само со постојано одржување на општествените антагонизми, зашто така се одржува постоењето на „другоста која се заканува и го зајакнува владејачкиот дискурс и оние коишто се мобилизираат околу него“. Токму затоа граѓанските протести околу црквата на плоштад, убиството на Мартин Нешковски и АМАН ѝ послужија на власта како инструмент за зајакнување на сопствениот дискурс по овие прашања. Имено, власта ги зајакна своите позиции промовирајќи ја религијата како државна доктрина и морална вертикала (во првиот случај), ставајќи јасно до знаење дека нема намера да гради инклузивно (и либерално) општество, туку дека во нашето

општество нема место да се чуе гласот на „геј и атеисти“ кои се против црквата, а сите кои се против црквата се всушност „геј и атеисти“. Во вториот случај, власта го искористи класичниот популистички дискурс дека случајот на полициската бруталност не смее да се „политизира“ и да се бара политичка одговорност, туку дека власта со своето стручно знаење и способност праведно ќе го разреши овој случај, а секој кој протестира всушност е политизиран, манипулиран и инструментализиран од СДСМ и од Сорос, како симболи за другоста и туѓоста во општеството. Во третиот случај, повторно во популистички дискурс, за да се дефокусира актуелниот момент на живеење и проблемите во него, преку контрапротестите се враќа приказната за мрачната транзиција и приватизација на СДСМ и Бранко Црвенковски, како единствени виновници за тешката економска состојба во државата. Преку сите случаи се инсистира на одржување на општеството како т.н. „поделен субјект“ во кој задолжително постои поделбата на себе (Self) и другиот (Other), со цел да се одржат општествените антагонизми, а потребата за дефинирање на себе да остане постојано актуелна. Понатаму, терминиге како „СДСМ“ и „СОРОС“ имаат функција на празни означувачи, кои се моќни поради тоа што во нив може да се смести што било надвор од границата (на прифатливиот идентитет) и, врз таа основа, во доминантниот дискурс се создава растеглива граница, која некого исклучува.

Конечно, преку тешка медиумска битка за доминација на владејачкиот дискурс, власта се обидува (во трите случаи) да не дозволи ниту еден од овие настани да дејствува „дислоцирачки“ на нивниот дискурс, односно да не се соочат со ситуација која не можат да ја протолкуваат во своја корист, од аспект на моралната и политичката исправност, а не од аспект на општествената неопходност и/или одговорност.

Понатаму, еден проблем кој особено се забележува кај Првата архи-бригада е тенденцијата кон корпоративност и партикуларност, т.е. инсистирањето нивната иницијатива да се поистоветува со еден потесен интерес (каков што е јавниот простор на плоштадот), односно избегнувањето барањата да се прошират, водејќи се притоа од своите основни интереси. Тоа вешто се користи од страна на власта, преку нивните институционални одговори во случајот со полициската бруталност, и на тој начин се настојува да се сузбијат причините за понатамошно протестирање.

Главното прашање што се наметнува од досегашните дискусии е прашањето за поврзаноста на политичките партии со граѓанските иницијативи и организации, и каков да биде пристапот на двете групи. Постојат две доминантни видувања: тие треба комплетно да се одвојат (застапувано од А. Спасеновски) или поблиску да соработуваат (застапувано од Г. Момировски).

Покрај повеќе решенија на микрониво, за сите партии би било најважно да ја сфатат важноста на граѓанскиот сектор, односно да го остават да дише, а соработката да се одвива во институциите.

## ПРЕПОРАКИ

### За граѓанските иницијативи

1. Потребно е постратешко и покреативно он-лајн дејствување, но и промоција на сопствените пораки во јавноста, со надеж дека ќе се надминат негативните етикети од масовните медиуми.

2. Потребно е пристапување и контакти директно до граѓаните, т.е. од човек до човек, со цел да се оствари непосреден контакт со граѓанската база и да се разбие митот за неавтентичност на граѓанските организации.

3. Потребно е користење на повеќе разновидни форми на протест, како што е примерот со „Распеани скопјани“, или повеќе хумор/сатира како форма на изразување на протестот.

4. Посебен акцент треба да се стави на разјаснувањето на дистинкцијата меѓу политичкото и партиското, како основа за општественото дејствување.

5. Потребно е игнорирање на негативното етикетирање и отворени односи внатре во движењата, со цел да се гради солидарност меѓу членовите.

6. Потребно е да се избегнува партикуларизмот во дејствувањето и да се настапува со пошироки и максималистички барања. Ова значи дека успешните граѓански движења најчесто покрај конкретните барања или кауза за нивното дејствување имаат и поширока агенда, која опфаќа низа општи политички барања или пак отсликува некои (идеолошки) вредности, кои се во темел на граѓанското движење. Тоа не смее да се третира како грев, туку како предност и како можност граѓанскиот активизам да има конкретен израз, но и поширока општествено-идеолошка рамка.

7. Потребен е широк инклузивен пристап на сите заинтересирани за граѓански активизам, без оглед на нивната партиска припадност.

8. Јасност во каузата и транспарентност во методите на дејствување. Истовремено, потребна е јасност и доследност во пробивањето на пораките до јавноста!

### За медиумите

1. Потребно е професионално работење и воздржување од негативни коментари.
2. Потребно е пошироко перципирање на граѓанскиот активизам и негово толкување преку матрицата на демократскиот систем. Тоа подразбира отвореност на медиумите кон граѓанските иницијативи и заинтересираност за каузата на граѓанските активисти без предрасуди и етикетирање.

## За политичките партии

1. Потребно е учество на широки партиципативни форуми со граѓанските иницијативи и со другите партии.

2. Потребно е воздржување од инструментализација на граѓанските иницијативи и оставање да ја доживеат својата спонтаност.

3. Потребно е раздвојување на партиското дејствување и граѓанското дејствување во случаи кога партиски членови одлучуваат да се приклучат кон иницијативи и движења.

4. Отворање (либерализирање) на јавниот дискурс, во смисла на нормалноста на политичкото активирање на граѓанските организации во насока на критикување и предлагање на јавни политики. Одвојување на партиското од политичкото и отворање на политичкото и за граѓанските организации. Третирање на партиското само во смисла на борба за власт.

5. Воздржување од говор на омраза и етикетирање на граѓанските активисти.

6. Конкретни активности кон развивање и подигање на политичката култура и оставање доволно простор за независно дејствување на граѓаните.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Almond, G. A. and Verba, S. (1963), The Civic Culture (Princeton: Princeton University Press)

Börzel, T. (1999), "Towards Convergence in Europe? Institutional Adaptation to Europeanization in Germany and Spain", Journal of Common Market Studies, 39:4

Diani, Mario. 1992. "The concept of social movement." The Sociological Review. Volume 40, Issue 1: 1–25

Беличанец, Роберт, и др. Водич за млади: основни граѓански и политички слободи и права. НВО Инфоцентар, Скопје, 2010

Vezovnik, Andreja. Kriticna analiza diskurzivne konstrukcije kolektivnih identifikacij: Primer slovenstva. Univerza v Ljubljani, Fakulteta za druzbene vede. Ljubljana, 2009

Eckstein, H. (1966), A Theory of Stable Democracy (Princeton: Princeton University Press)

Kitschelt, Herbert. 1990. "New Social Movements and the Decline of Party Organization." Pp. 179-208 in Dalton, R. J. and Kuechler, J. (eds). Challenging the Political Order: new social and political movements in western democracies. Oxford: Oxford University Press

Ladrech, R. (1994), 'Europeanization of Domestic Politics and Institutions: The Case of France', Journal of Common Market Studies, 32:1

Ladrech, R. (2010), Europeanization and National Politics(Basingstoke: Palgrave Macmillan)

Laclau, Ernesto. 2005. Populist Reason. London and New York: Verso

Linz, Juan J., and Alfred C. Stepan. Problems of Democratic Transition and Consolidation. Baltimore/London: Johns Hopkins University Press, 1996

Марковиќ, Ненад, и др. Истражување за политичката култура во Македонија. Канцеларија на Фондацијата Фридрих Еберт во Скопје, 2012

Mavrikos-Adamou, T. The Role Played by Local Culture in the Democratization Process: Comparing FYR Macedonia, Bulgaria and Albania. Paper Prepared for delivery at the 2005 Annual Meeting of the American Political Science Association, Sept 1-4, 2005, Washington, DC

Meyer, David S., and Staggenborg, Suzanne. 1996. "Movements, countermovements, and the structure of political opportunity." American Journal of Sociology. Vol. 101, No. 6: 1628-60

Mungiu-Pippidi, Alina 2007, Is East-central Europe backsliding. EU Accession is no "END OF HISTORY". Journal of Democracy Volume 18, Number 4 October 2007.National Endowment for Democracy and The Johns Hopkins University Press

Inglehart, R. and Welzel, C. (2005), Modernization, Cultural Change, and Democracy (New York: Cambridge University Press)

Radaelli, C. (2003), 'The Europeanization of Public Policy', in Featherstone, K. and Radaelli, C. (2003) (eds.), The Politics of Europeanization (Oxford: Oxford University Press)

Rootes, Christopher A. 1999. "Political opportunity structures: promise, problems and prospects." La Lettre de la maison Francaise d'Oxfod. No. 10: 75-97

Tarrow, Sidney. 1994. Power in Movement. Social Movements, Collective Action and Politics. Cambridge: Cambridge University Press

Howarth, D. and Jacob Torfing, 2005 (eds.). Discourse Theory in European Politics: Identity, Policy and Governance. Hampshire and New York: Pagrave Macmillan

Huntington, Samuel P. Democracy for the Long Haul. Journal of Democracy, Vol. 7, No. 2. April 1996

# АНЕКС 1

## Листа на интервјуа

1. Јасмина Голубовска, Хелсиншки комитет за човековите права на Република Македонија, активистка на АМАН
2. Кирил Ефремовски, Коалиција „Сите за правично судење“, активист во протестите против полициската бруталност
3. Мартин Наник, активист во протестите против полициската бруталност
4. Никола Наумоски, Плоштад Слобода
5. Петрит Сараќини, Македонски институт за медиуми, активист на АМАН
6. Владимир Вангелов, активист на АМАН
7. Александар Гочев, активист на АМАН
8. Гаго и Цаци, активисти во Прва архи-бригада
9. Горан Момировски, уредник во ТВ Канал 5 и колумнист во Република
10. Мирослава Симоновска, новинарка во Фокус и Плусинфо
11. Александар Спасеновски, пратеник во Собранието на РМ од ВМРО-ДПМНЕ
12. Дане Талески, поранешен извршен директор на Прогрес институт за социјална демократија, член на СДСМ
13. Роза Топузова Каревска, потпретседателка на ЛДП

# БЕЛЕШКИ

1 http://www.makdenes.org/content/article/24796397.html

2 http://telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=6&item=22341

3 http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=E7DFB283D37FF240A0A3A64735BE5BEE

4 http://24vesti.mk/nad-4000-potpisi-i-stotici-gragjani-na-akcijata-%E2%80%9Ego-sakam-gtc%E2%80%9C

5 http://www.dw.de/%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D1%80%D1%88%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B8%D1%80-%D0%B8-%D1%81%D0%BE%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82/a-15815020-1?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss

6 http://www.makdenes.org/archive/news/20110213/428/428.html?id=2307871

7 http://www.mkd.mk/makedonija/pred-vladata-protest-za-poddrshka-na-talat-dzhaferi

8 http://www.ereporter.com.mk/mk-mk/Details.aspx?Title=17576

9 http://amanmk.wordpress.com/

10 http://daily.mk/forward/2127226/protesti-pred-sobranie-po-povod-predlog-zakonot-za-abortus

11 http://www.makdenes.org/archive/news/20121224/428/428.html?id=24807036

12 http://kurir.mk/makedonija/vesti/119136-VIDEO-Masovni-protesti-pred-opstina-Centar

13 http://www.makdenes.org/media/photogallery/25066068.html

14 http://alsat.mk/index.php/vesti/od_zemjata/3639-%D0%A7%D0%B0%D0%B8%D1%80-%D0%9F%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D1%83%D0%BD%D0%B8%D1%88%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%BB%D0%BE%D1%82%D0%BE.html

15 Изборот овој настан да се дообјасни како „протести против црква“ не е случаен и е избран токму поради тоа што овој настан е најпознат под тоа име, иако во натамошниот текст ќе се открие дека тоа е конструирано од страна на медиумите.

16 Ова дополнително ќе биде објаснето во делот посветен на дискурзивната анализа.

17 Huntington, Samuel P. Democracy for the Long Haul. Journal of Democracy, Vol. 7, No. 2. April 1996, стр. 3-13

18 Linz, Juan J., and Alfred C. Stepan. Problems of Democratic Transition and Consolidation. Baltimore/London: Johns Hopkins University Press, 1996. стр. 3

19 Ibid. стр. 7

20 Alina Mungiu-Pippidi, 2007, Is East-central Europe backsliding. EU Accession is no “END OF HISTORY”. Journal of Democracy Volume 18, Number 4 October 2007.National Endowment for Democracy and The Johns Hopkins University Press

21 Ladrech, R. (1994), ‘Europeanization of Domestic Politics and Institutions: The Case of France’, Journal of Common Market Studies, 32:1, стр. 17

22 Börzel, T. (1999), “Towards Convergence in Europe? Institutional Adaptation to Europeanization in Germany and Spain”, Journal of Common Market Studies, 39:4, стр. 574

23 Radaelli, C. (2003), ‘The Europeanization of Public Policy’, in Featherstone, K. and Radaelli, C. (2003) (eds.), The Politics of Europeanization (Oxford: Oxford University Press). Стр. 30

24 Ladrech, R. (2010), Europeanization and National Politics(Basingstoke: Palgrave Macmillan). Стр. 2

25 Almond, G. A. and Verba, S. (1963), The Civic Culture (Princeton: Princeton University Press).. Стр. 16

26 Eckstein, H. (1966), A Theory of Stable Democracy (Princeton: Princeton University Press), стр.1

27 Inglehart, R. and Welzel, C. (2005), Modernization, Cultural Change, and Democracy (New York: Cambridge University Press). Стр. 27

28 Mavrikos-Adamou, T. The Role Played by Local Culture in the Democratization Process: Comparing FYR Macedonia, Bulgaria and Albania. Paper Prepared for delivery at the 2005 Annual Meeting of the American Political Science Association, Sept 1-4, 2005, Washington, DC. стр. 7-11

29 Марковиќ, Ненад, и др. Истражување за политичката култура во Македонија. Канцеларија на Фондацијата Фридрих Еберт во Скопје, 2012, стр. 22-23

30 Kitschelt, Herbert. 1990. “New Social Movements and the Decline of Party Organization.” Pp. 179-208 in Dalton, R. J. and Kuechler, J. (eds). Challenging the Political Order: new social and political movements in western democracies. Oxford: Oxford University Press, стр. 179

31 Diani, Mario. 1992. “The concept of social movement.” The Sociological Review. Volume 40, Issue 1: 1–25, стр. 4

32 Meyer, David S., and Staggenborg, Suzanne. 1996. “Movements, countermovements, and the structure of political opportunity.” American Journal of Sociology. Vol. 101, No. 6: 1628-60, стр. 1631

33 Ibid. Стр. 1632

34 Ibid. Стр. 1628

35 Ibid. Стр. 1629

36 Мајер сепак зборува за улогата на затворените држави во оваа смисла: „Затворените држави ги репресираа или барем ги толерираа движењата, генерално дејствувајќи превентивно против развојот на автономните движења, преку тоа што тие самите создаваа контрадвижења.” (стр. 1637). Овде е интересно да се дискутира дали една држава која се претставува како отворена, може да се впушти во вакви активности.

37 Tarrow, Sidney. 1994. Power in Movement. Social Movements, Collective Action and Politics. Cambridge: Cambridge University Press, стр. 103.

38 Тароу ги дефинира „социјалните трансакциски трошоци“ како трошоци потребни за основните предуслови за едно општествено движење: надминување на колективните предизвици, кристализирање на заедничките цели, градење на солидарноста и одржување на колективната акција. Ibid, стр. 103.

39 Rootes, Christopher A. 1999. “Political opportunity structures: promise, problems and prospects.” La Lettre de la maison Francaise d’Oxfod. No. 10: 75-97, стр.6

40 Vezovnik, Andreja. Kriticna analiza diskurzivne konstrukcije kolektivnih identifikacij: Primer slovenstva. Univerza v Ljubljani, Fakulteta za druzbene vede. Ljubljana, 2009

41 Laclau, Ernesto. 2005. Populist Reason. London and New York: Verso

42 Howarth, D. and Jacob Torfing, 2005 (eds.). Discourse Theory in European Politics: Identity, Policy and Governance. Hampshire and New York: Pagrave Macmillan., стр 7.

43 Ibid. стр.7

44 Ibid

45 Ibid

46 Ibid стр.7

47 Ibid стр.8

48 Ibid

49 Ibid стр. 14

50 Ibid

51 Ibid 15

52 Ibid

53 Ibid 16

54 Ibid

55 Беличанец, Роберт, и др. Водич за младите: основни граѓански и политички слободи и права. НВО Инфоцентар, Скопје, 2010. стр. 16-17

56 Од електронските медиуми, беа набљудувани МТВ1, ТВ Сител и ТВ Канал 5. Од печатените: Вечер, Дневник, Утрински весник и Нова Македонија, додека интернет-медиумите не беа набљудувани темелно, туку според принципот пребарување.

57 http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=29FBC18016393445B3077A895E87DCAA, http://www.time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=2009&d2=28&m2=04&y2=2009&all=1&fulltext=1&timeup=2&show=1&q=%D1%86%D1%80%D0%BA%D0%B2%D0%B0%20%D0%BF%D0%BB%D0%BE%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%B4&read=1f815875fd68c94

58 http://utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=A73FEA62EE1A0F4DBA601152AC917A9B

59 http://jadiburek.blog.mk/2009/03/27/podrshka-za-izgradba-na-crkvata-na-ploshtad/

60 http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?itemID=716CF2A23556744AB3FA3421980A0226&arc=1

61 http://mk.globalvoicesonline.org/04/01/552/

62 http://www.scribd.com/doc/57840879/%D0%A5%D1%80%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%B1%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D0%BD-%D0%9D%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8

63 http://telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=6&item=8784

64 http://www.ohridpress.com/makedonija/80-vesti/1193-%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-%D1%81%D0%BC%D1%80%D1%82%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D0%BC%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D0%BD-%D0%BD%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8

65 http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=7C3DDEE731A0414EABC7FE51B50042ED

66 http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf, стр. 15

67 http://www.utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=02D2A253802F6B40A8A6B7CFD25425E8

68 http://amanmk.wordpress.com/

69 http://aktiv.org.mk/mk/resources/sodrzini-aktiv/92-burime/lajm/185-aman-pred-mrt

70 http://www.makdenes.org/content/article/24896468.html

71 http://www.makdenes.org/archive/news/20120912/428/428.html?id=24706446

72 http://www.dnevnik.com.mk/?ItemID=2E4023C71FA89C43A240AEA936607D91

73 http://www.dnevnik.com.mk/?ItemID=7D48E76BCD392644BFAF8AE13D9F6011

74 http://www.dnevnik.com.mk/?ItemID=2E4023C71FA89C43A240AEA936607D91

75 http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=7C5DEDBFEC358E4A9C8B0E18BF45C4D9

76 http://www.vecer.com.mk/?ItemID=BC0AFEEA3514744A8CA42F78A07A84F9

77 http://www.vecer.com.mk/%5C?ItemID=EC5794F1B47EAD48A9215C88B853059B

78 http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=53185&kategorija=7

79 http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=423B939D12694C4BAC7C5CE0359D604D

80 http://daily.mk/forward/766762/misteriozna-smrt-na-

momche-za-vreme-na-izbornata-proslava

81 МВР: Специјалец осомничен за убиството, Курир, 7.6.2011

82 http://www.dnevnik.com.mk/?ItemID=45AA26DBDCF1BE4EA9B3488493FACAC9

83 http://www.vecer.com.mk/?ItemID=A8D6D1056A890F43887EF94210DA69CB

84 http://daily.mk/forward/781282/mvr-do-demonstrantite-ispolnivme-s%C3%A9-shto-mozhevme

85 Александар Спасовски, Вести, ТВ Сител, 10.6.2011

86 http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=32EF69364FB48E47B2679C7BB0C82BFB

87 http://www.vecer.com.mk/?ItemID=AEE309D85A9F7E479E6EA9F57DECB604

88 http://daily.mk/forward/773178/sluchajot-so-neshkovski-da-ne-se-zloupotrebuva-za-politichki-celi

89 http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=FA391DA58E469E4ABE034EC5B8E6ED1C

90 http://www.vecer.com.mk/?ItemID=B6E6C572BC5067409E601E6CCBD2AAE9

91 Вести, ТВ Сител, 7.6.2011

92 Вести, ТВ Сител,, 15.6.2011

93 http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=20800399E45E874184CC882E01745C21

94 http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=A4927A8B929EEC4FBD690AC22DCD99EC

95 Марјан Николовски, Вести, ТВ Сител, 15.6.2011; Александар Спасовски, Вести, ТВ Сител, 16.6.2011

96 Вести, МТВ1, 7.6.2011, 8.6.2011 и 9.6.2011

97 Вести, МТВ1, 11.6.2011, 12.6.2011 и 20. 6.2011

98 Вести, МТВ1, 18.6.2011

99 Вести, ТВ Сител, 18-20.6.2011

100 http://www.sitel.com.mk/node/48374, http://grid.mk/read/news/84443632/933690/vmro-dpmne-evropskite-talibanci-ne-im-se-ramni-na-sdsm

101 http://www.sitel.com.mk/mk/edni-isti-lugje-na-sdsm-na-site-protesti-0

102 http://dnevnik.com.mk/print.asp?ItemID=B02393531862764A92194820DEAD8E13

103 http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=109870&kategorija=1, http://denesen.mk/web/2012/09/20/foo-sdsm-go-organizra-aman/

104 http://denesen.mk/web/2012/09/27/sdsm-namesto-da-manipulira-neka-kaze-za-kolku-pari-go-prodade-esm/

105 Ј. Голубовска

106 М. Наник

107 П. Сараќини, М. Симоновска, В. Вангелов,

108 Д. Талески

109 Н. Наумоски, Д. Талески

110 Гаго и Цаци

111 М. Наник

112 Ј. Голубовска, В. Вангелов, Н. Наумоски

113 П. Сараќини

114 Д. Талески

115 Ј. Голубовска

116 М. Наник, В. Вангелов

117 Гаго и Цаци, Н. Наумоски

118 К. Ефремовски, Ј. Голубовска, В. Вангелов, Н. Наумоски